Согласно чл.40 ст.1 од Законот за Урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.32/20) и чл.22. точка 1 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.5/02), Советот на Општина Лозово на седницата одржана на ден 11.12.2023 год. донесе :

# ***П Р О Г Р А М А***

## ***За финансирање, изработка и донесување на: урбанистички планови, урбанистички планови за села, урбанистички планови вон населени места, Локални урбанистички плански документации и општи акти за села на територија на Општина Лозово за 2024 година***

Според Законот за Урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.32/20), Општината е надлежна да води постапка за изработка и донесување на урбанистички планови, урбанистички планови за села, урбанистички планиови вон населено место и Локани урбанистички плански документации а задолжително истите претходно да ги вгради во оваа програма.

Исто така локалната самоуправа е надлежна да предлага измени и дополни на веке донесените урбанистички планови во делови за кои таа смета дека се надлежни и за истите се потребни нови намени, нови парцелации и сл. согласно Законот за Урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.32/20).

Од горе наведените причини и извршените консултации на партиципативното тело на Советот на Општина Лозово се предложени следните урбанистички планови, како приоритетни урбанистички планови во износ од 1 000 000 денари во тек на 2024 година:

1) **Изработка и донесување** на Урбанистички план за село Аџиматово со ревизија и изработка на ажурирана геодетска подлога.

2) **Изработка и донесување** на Урбанистички план за село Дорфулија со ревизија и изработка на ажурирана геодетска подлога.

3) **Изработка и донесување** на Урбанистички план за село Каратманово со ревизија и изработка на ажурирана геодетска подлога.

4) **Изработка и донесување** на Урбанистички план за село Милино со ревизија и изработка на ажурирана геодетска подлога.

5) **Изработка и донесување** на Урбанистички план за село Сарамзалино со ревизија и изработка на ажурирана геодетска подлога.

6) **Довршување и донесување** на урбанистички план за село Лозово со површина од 120,74ха.

7) **Довршување и донесување** урбанистичка план вон населено место - Викенд населба, за дел од КП 738/1 КО Каратманово Општина Лозово.

8) **Изработка и донесување** на урбанистички планови, поднесени од заинтересирани правни и физички лица, како програма за приоритетна изработка на урбанистички планови донесена од страна на Општина Лозово.

9) **Изработка и донесување** на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, за туристичко рекреативни зони, во атарот на населени места: Кишино, Бекирлија и Ѓуземелци - Општина Лозово.

Со изработка и донесувањето и спроведување на овие урбанистички планови во континуитет би продолжил процесот на детално планирање на просторот во Општина Лозово.

Практично тоа би значело дека сите граѓани на Општина Лозово би имале можности да го планираат својот урбан развој како основа за севкупен развој со детално планиран простор и економски просперитет на Општината.

*Бр.___________* *Совет на Општина Лозово*

*Лозово* ***Претседател***
***Владе Миланов***

______________________

***Изготвил:***
***Петре Левков диа*______________**